HELVETAS

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ЈАВЕН ПОВИК

# ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ОБУЧУВАЧ ЗА ИНТЕРАКТИВНА ОБУКА ЗА ВРСНИЧКА ЕДУКАЦИЈА

# ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

# „ВРСНИЧКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ИНФОРМИРАН ИЗБОР НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ – ПАТЕКИ КОН СТРУЧНО И ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ“

**Декември 2025, Прилеп**

**Коалицијата на младински организации СЕГА, за потребите од спроведување на проектот „Врсничка едукација за информиран избор на средно училиште – патеки кон стручно и дуално образование“, поддржан од ХЕЛВЕТАС Северна Македонија, објавува**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА**
**АНГАЖИРАЊЕ НА ОБУЧУВАЧ ЗА ИНТЕРАКТИВНА ОБУКА ЗА ВРСНИЧКА ЕДУКАЦИЈА**

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Коалиција на младински организации СЕГА со поддршка од ХЕЛВЕТАС Северна Македонија, го спроведува проектот „Врсничка едукација за информиран избор на средно училиште – патеки кон стручно и дуално образование“ (Peer Education for Empowered High-School Choices: VET & Dual Pathways), во периодот ноември 2025 – мај 2026 година.

Проектот има за цел да обезбеди стратешка поддршка на процесот на упис во средните стручни училишта. Пристапот се базира на методологијата „врсничка едукација“ (peer to peer), користејќи успешни приказни како алатка за мотивирање и правилно информирање при кариерниот избор. Оваа цел ќе се постигне преку (1) обучени училишни амбасадори - обука на избрани средношколци кои ќе станат вешти врснички едукатори и кредибилни промотори на своето училиште и струка, (2) промена на перцепцијата - активно делување врз ставовите на родителите и основците за надминување на предрасудите кон стручното образование, преку презентирање на реалните можности за вработување и кариерен раст и (3) локална соработка - зајакнување на еко-системот помеѓу училиштето, бизнис секторот и граѓанските организации за долгорочна поддршка на дуалното образование.

## 2. ЦЕЛ НА ПОВИКОТ

За остварување на поставените цели, проектот преку ангажирање на обучувач ќе спроведе дводневна интерактивна обука со средношколци според претходно структуриран практичен прирачник за врсничка едукација.

## 3. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Ангажираниот обучувач ќе биде одговорен за подготовка и спроведување на дводневна интерактивна обука за средношколци – врснички едукатори, согласно претходно подготвен прирачник за врсничка едукација во координација со проектниот тим.

Обуката треба да биде планирана и реализирана во согласност со содржинските модули од прирачникот кои опфаќаат: претставување на стручното образование и обука (VET) и двојниот образовен модел, принципи на раскажување приказни, клучни комуникациски точки, интерактивни активности и насоки за спроведување работилници во основни училишта.

Работните задачи ги опфаќаат следните активности:

- Подготовка на детална агенда и материјали за дводневната интерактивна обука, усогласени со модулите од прирачникот
- Водење на динамична и практична обука за средношколци - врснички едукатори
- Соработка со назначени локални ментори вклучени во обуката за координација и поддршка на процесот
- Подготовка и доставување на соодветна документација до проектниот тим по завршување на обуката.

## 4. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТИ

- Завршени додипломски студии во полето на општествени науки или сродни области на експертот (експертите со завршени постдипломски и/или докторски студии ќе имаат предност)
- Најмалку 3 години искуство во спроведување обуки, работилници или тренинзи со млади или ученици
- Способност за водење динамична и практично ориентирана обука
- Одлични комуникациски и презентациски вештини
- Вештини за фасилитирање групна работа, дискусии, интерактивни вежби и активности.

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Проектот ќе избере еден обучувач кој ќе биде задолжен за испорака на предвидените задачи во одреден временски период.

Ангажираниот обучувач треба да ги спроведе работните задачи во рамки на 3 работни дена, во периодот февруари 2026 година, во координација со проектниот тим.

За секој работен ден предвиден е надоместок од 9.225,00 МКД во бруто износ кои ќе бидат исплатени по комплетирање на задачите.

## 6. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е јавен. Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на следните документи:

- Професионална биографија (CV)
- Мотивациско писмо

на следната е-маил адреса: sega@sega.org.mk со назнака: **Пријава на јавен повик за обучувач за интерактивна обука за врсничка едукација**.

Краен рок за доставување на апликациите е **29 декември 2025 година**.

Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид. Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на пријавување на кандидатите.

За подетални информации може да не контактирате на е-маил адреса: sega@sega.org.mk.